# Кривични пријави против двајца скопјани за неовластено поседување огнено оружје и муниција

30/07/2025



Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал поднесе кривични пријави против И.Х.(33) и С.А.(23), двајцата од Скопје, поради постоење на основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 15.07.2025, врз основа на судска наредба, бил извршен претрес во домот каде престојува И.Х., а се сопственост на неговиот татко, при што биле пронајдени и одземени пиштол- полуавтоматско огнено оружје „Црвена застава М57" со калибар 7,62x25mm со две рамки куршуми калибар 7,62x25mm, куршуми калибар 7,65mm и две рамки за муниција со вкупно 50 куршуми од муниција со кал.7,62x39mm.

На 19.07.2025, исто така, со судска наредба, бил извршен претрес во домот на С.А., при што биле пронајдени и одземени пиштол-полуавтоматско огнено оружје „Reximex TRX9" со калибар 9mm, празна рамка за пиштол, рамка за пиштол со 15 куршуми кал.9mm, задна корица за ракофат на пиштол, алатки за чистење на цевка од пиштол, алатка, наменета за полесно полнење на куршуми во рамка од пиштол, два дела со завртка, наменета за блокирање на чкрапалото од пиштолот, 36 куршуми калибар 9mm и други предмети.

Од страна на Судија на претходна постапка, на пријавените им е одредена мерка притвор во траење од 30 дена.












Министерство за внатрешни работи
на Република Северна Македонија



**Информации**

ул. Димче Мирчев бр. 9
1000 Скопје, Република Северна Македонија

+389 (0)2 3 117 222

kontakt@moi.gov.mk



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

© 2025 Министерство за внатрешни работи. Сите права задржани.